**20141564887**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 6/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011 26/2012 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 18 август, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите („Службен весник на Република Македонија“ број 48/2001, 52/2001, 17/2005, 47/2005, 86/2007, 102/2007, 151/2007, 9/2009, 22/2009, 65/2010, 20/2012, 26/2012, 54/2012 и 98/2013), во член 4 став 1 точката 4 се менува и гласи:

„4. Лабораториски услуги (биохемиски анализи од БА1 до БА10, БА11/16, БА13 и БА 16/3) ......................20% од утврдената референтна цена“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 ноември 2014 година.

Бр. 02-14395/4<br>29 август 2014 година<br>Скопје

Управен одбор<br>Претседател,<br>**Елена Трпковска**, с.р.